Врз основа на член 164, став (1), точка 17 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/25, 135/25), а по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија согласно Одлуката за одобрување на Правила за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електродистрибутивната мрежа бр. 12-2060/4 од 17 Ноември 2025 година, Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје, како Оператор на електродистрибутивниот систем донесе:

# ПРАВИЛА ЗА НАБАВКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ЗАГУБИТЕ ВО ЕЛЕКТРОДИСТРИБУТИВНАТА МРЕЖА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

### Предмет на уредување

(1) Со овие Правила за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електродистрибутивната мрежа, (во понатамошниот текст: Правила), се регулираат условите, начинот и постапката за набавка на електрична енергија од страна на операторот на електродистрибутивниот систем, на транспарентен, недискриминаторен и конкурентен начин, во согласност со одредбите од Законот за енергетика*.

### Член 2

### Дефиниции и кратенки

(1) Термините користени во овие правила ќе го имаат следното значење:

| | |
|---|---|
| **Рамковен договор** | Договор склучен помеѓу Продавачот и Операторот на електродистрибутивниот систем |
| **Понудувач** | Производител или трговец или снабдувач на електрична енергија регистриран во согласност со законските прописи на Република Северна Македонија, и кои поседуваат лиценца за вршење на соодветна енергетска дејност издадена од страна на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, како и EIC код издаден од страна на операторот на електропреносниот систем АД МЕПСО Скопје кој учествува на Отворен Јавен Повик |
| **Квалификуван понудувач** | Понудувач кој има склучено Рамковен Договор со Операторот на електродистрибутивниот систем |
| **Избран понудувач** | Понудувач кој има склучено Индивидуален Договор со Операторот на електродистрибутивниот систем |
| **Отворен Јавен повик** | Оглас објавен во два дневни весници во Република Северна Македонија и достапен на интернет страната www.elektrodistribucija.mk |
| **Набавка на електрична енергија** | Постапка која ја спроведува Операторот на електродистрибутивниот систем во согласност со овие Правила. |
| **Индивидуален договор** | Купопродажен договор помеѓу квалификуван понудувач и Операторот на електродистрибутивниот систем со кој се утврдуваат комерцијалните |

| | |
|---|---|
| | услови за купопродажба на електрична енергија. |
| **Понуда** | Понуда за продажба на електрична енергија (MWh) по одредена цена (EUR/MWh) заокружена на две децимали, доставена од страна на квалификуван понудувач. |
| **Индивидуално Барање за Доставување на Понуди** | Документ во електронска форма кој е испратен од страна на Операторот на електродистрибутивниот систем до сите квалификувани понудувачи преку електронска пошта и/или факс во кој прецизно се утврдуваат условите според кои ќе биде спроведена постапката за набавка на електрична енергија за подолг период на отворен пазар преку тендерска постапка. |
| **Постапка за набавка на електрична енергија** | Редослед на настани поврзани со набавка на електрична енергија кои почнуваат со Индивидуално барање за доставување на понуди од страна на Операторот на електродистрибутивниот систем , доставени понуди од страна на квалификуваните понудувачи, евалуација и избор на најповолни понудувачи и завршуваат со склучување на Индивидуален Договор со избраните понудувачи. |
| **Дијаграм за испорака на електрична енергија и моќност** | Барање на Операторот на електродистрибутивниот систем во кој е содржана распределбата на електрична енергија и моќност, на часовно ниво, за одреден временски период. |
| **Дневен распоред на испорака** | Дневен распоред за испорака на електрична енергија со одредени трговски количини по час, покривајќи дваесет и четири (24) часа последователно согласно кое избраниот понудувач му продава електрична енергија на Операторот на електродистрибутивниот систем |
| **Распоред со часовен период за испорака** | Распоред со часовен период за испорака на електрична енергија со одредени трговски количини по час во зависност од потребите на Операторот на електродистрибутивниот систем за набавка во тековниот ден. |
| **Набавка за ден однапред (Day Ahead)** | Редослед на настани поврзани со набавка на енергија за ден однапред |
| **Набавка во тековниот ден (Intraday)** | Редослед на настани поврзани со набавка на енергија во тековниот ден земајќи ги во предвид и Правилата за работа на организираниот пазар за електрична енергија со кои се уредуваат INTRA DAY трансакции на соодветната интерконекција, објавени на веб страната на Операторот на електропреносниот систем. |

(2) Кратенките користени во овие Правила ќе го имаат следното значење:

| | |
|---|---|
| **ОЕДС** | Оператор на електродистрибутивен систем – Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје |
| **РКЕ** | Регулаторна комисија за енергетика,водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија |
| **РД** | Рамковен договор |
| **ИД** | Индивидуален договор |

| | |
|---|---|
| **ИБДП** | Индивидуално барање за доставување на понуди |

## II. ПРАВИЛА ЗА НАБАВКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ЗАГУБИТЕ ВО ДИСТРИБУТИВНАТА МРЕЖА

### Член 3
### Набавка на електрична енергија

(1) ОЕДС е должен да набави електрична енергија за покривање на загубите во електродистрибутивната мрежа по пазарни услови на транспарентен, недискриминаторен и конкурентен начин.

(2) ОЕДС може да изврши набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електродистрибутивната мрежа и тоа:

1. На отворен пазар преку тендерска постапка за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електродистрибутивната мрежа и/или.
2. Набавка на организиран пазар на електрична енергија.

(3) ОЕДС може да изврши набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електродистрибутивната мрежа за следниот период:

1. Набавка за подолг период

   - годишна,
   - квартална,
   - месечна,
   - неделна
2. Набавка Ден однапред (Day ahead)
3. Набавка Во тековниот ден (Intraday)

### Член 4
### Правила за набавка на електрична енергија за подолг период на отворен пазар преку тендерска постапка

(1) ОЕДС објавува Јавен повик за покажување на интерес за склучување на РД со понудувачите носителите на лиценци за производство, снабдување и/или трговија со електрична енергија заради набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електродистрибутивната мрежа.

(2) ОЕДС го објавува Јавниот повик за склучување на РД на својата интернет страница и во печатените медиуми.

(3) Во Јавниот повик ќе бидат содржани условите кои Понудувачите носителите на лиценци за производство, снабдување и трговија со електрична енергија треба да ги исполнат за да склучат РД со ОЕДС.

(4) ОЕДС склучува РД за набавка на електрична енергија за подолг период со Понудувачите кои ги исполниле условите од Јавниот повик од став (1) од овој член. Понудувачот кој ќе склучи РД со ОЕДС за набавка на електрична енергија преку тендерска постапка за подолг период станува квалификуван понудувач.

(5) Само квалификуваните поднудувачи од ставот (4) од овој член имаат право да учествуваат во тендерската постапка за набавка на електрична енергија.

(6) Врз основа на склучените РД, ОЕДС ги поканува квалификуваните Понудувачи да земат учество во постапката за набавка на електрична енергија во согласност со потребите дефинирани во ИБДП.

(7) Доколку по спроведувањето на отворениот Јавен повик за покажување на интерес за склучување на РД од став (1) на овој член, се јават нови Понудувачи кои имаат интерес за склучување на РД со ОЕДС за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електродистрибутивната мрежа, можат дополнително да ги достават сите побарани документи како што е наведено во отворениот Јавен повик и доколку ги исполнат условите од Јавниот повик да случат РД.

**Член 5**
**Индивидуално барање за доставување на понуди (ИБДП)**

(1) Пред секоја набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електродистрибутивната мрежа , ОЕДС ќе испрати ИБДП до сите квалификувани Понудувачи кои имаат склучено РД за набавка на електрична енергија

(2) ИБДП од став (1) на овој член ќе го содржи следното:

- Датум, време и начин на доставување на понуди по ИБДП,
- Период за испорака на електрична енергија и моќност,
- Место на испорака,
- Барана моќност изразена во MW и електрична енергија изразена во MWh, за целиот период на испорака (ЛОТ),
- Критериуми за евалуација и избор на понуди,
- Минимална и максимална големина на понудата,
- Број на понуди по понудувач,
- Дозволени отстапувања (флексибилност) од договорената моќност и договорените количини,
- Услови за плаќање,
- Рок за доставување на понуди,
- Евалуација на понудите и одлука за избор на најдобра понуда
- Рок на важност на понудите,
- Посебни услови,
- Финансиска гаранцијата за понудата во форма на банкарска гаранција или паричен депозит за доставената понуда,
- Финансиска гаранција за навремено и квалитетно извршување во форма на банкарска гаранција или паричен депозит или меница со извршна клаузула уредена во Нотарски Акт
- Износ на банкарска или компаниска гаранција за навремено плаќање на обврските издадена од страна на ОЕДС до избраните понудувачи

(3) ОЕДС во доставеното ИБДП ќе одлучи каков вид на финансиско обезбедување ќе побарува за навремено и квалитетно извршување и ќе го определи износот и условите на обезбедувањето.

(4) ОЕДС ќе испрати ИБДП до сите квалификувани Понудувачи преку електронска веб платформа и/или по електронска пошта.

(5) Сите понуди кои ќе бидат доставени од страна на Понудувачите во врска со ИБДП мора да ги содржат сите елементи и документи наведени во ИБДП и истите да бидат доставени до ОЕДС во наведениот рок, согласно начинот утврден во ИБДП.

(6) ОЕДС може да го продолжи рокот за доставување на понуди, евалуација на понудите и одлуката за избор на најдобра понуда, доколку истото е соодветно на потребите и условите на конкурентност и сопствените потреби.

(7) ОЕДС може да одлучи да не склучи ИД или да го откаже процесот на набавка на електрична енергија, а притоа Понудувачите немаат право да бараат било каков надомест.

(8) Оригиналните документи ќе бидат разменети преку пошта, само со страните кои биле избрани како најповолни понудувачи.

(9) ОЕДС е должен да чува писмен доказ за понудите.

(10) ОЕДС за секоја завршена постапка за доставување и евалуација на понудите изготвува извештај за спроведената постапка за набавка на електрична енергија.

(11) ОЕДС може да одлучи да го повлече ИБДП во секое време и да ја откаже постапката за набавка на електрична енергија без никаква обврска за надомест на штета по било кој основ на било која страна во постапката

**Член 6**
**Потпишување на Индивидуален договор**

(1) ОЕДС ќе ги извести понудувачите за резултатот од постапката, рангирањето на најдобрите понудувачи и одлуката за избор на најповолни понудувачи.

(2) До избраните понудувачи, ОЕДС ќе достави на потпишување ИД кој содржи одредби за договорените трансакции како количина и моќност, период на испорака, точка на испорака, флексибилност во испораката на договорената количина енергија (+/-%),износ и услови на банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување,или на депозит, или на меницата, цена, услови на плаќање и начин на фактурирање.

(3) Избраните Понудувачи, во рок дефиниран во ИБДП но не подолго од 10 (десет) работни дена по потпишување на ИД, се должни да достават до ОЕДС банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување или да уплатат депозит или да обезбедат меница согласно ИБДП во износ од 10% од вредноста на ИД, на начин и со времетраење дефинирани во ИБДП.

(4) По исклучок од став (3) доколку ОЕДС оцени дека ризиците поврзани со испорака на набавената електрична енергија од страна на избраните квалификувани понудувачи се поголеми во одреден период, тој може да побара банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување или депозит или меница во износ поголем од 10% од вредноста на ИД. Процентуалниот износ на финансиската гаранција за навремено и квалитетно извршување поголем од 10% која ќе биде побарана од Понудувачите ќе биде претходно дефинирана и во соодветното ИБДП.

(5) Банкарската гаранцијата за понудата или износот на депозитот за доставената понуда ќе им биде вратена на Понудувачите кои не се избрани по завршувањето на процесот за доставување и евалуација на понуди, додека за избраните квалификувани понудувачи кои успешно ја поминале постапката за доставување и евалуација на понудите, ќе им бидат вратени откако ќе ја достават банкарската гаранција за навремено и квалитетно извршување или уплатат депозит или обезбедат меница од став (3) од овој член.

(6) Доколку избраниот квалификуван понудувач не потпише ИД или не достави банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување или не уплати депозит или не обезбеди меница во определениот рок, ОЕДС ќе ја активира банкарската гаранција за понудата или ќе го задржи депозитот наведени во член 5 став (2) од овие Правила.

(7) Банкарската гаранција за понудата ќе биде активирана или износот на депозитот за доставената понуда ќе биде задржан од страна на ОЕДС во сите други случаи на отстапување од обврските од страна на квалификуваните понудувачи, кои се наведени во ИБДП и/или РД.

(8) Во случај на набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електродистрибутивната мрежа кога периодот од избор на квалификуваниот понудувач до времето на започнување на испораката е помало од 3 (три) работни дена, ОЕДС во ИБДП ќе дефинира дека доставената Гаранција за понудата или износот на депозитот за понудата ќе ја засмета како Гаранција за навремено и квалитетно извршување за избраните квалификувани понудувачи.

(9) По потпишување на ИД со избраниот понудувач, согласно дефинираните услови во ИБДП, ОЕДС ,ќе издаде банкарска или компаниска гаранција за навремено плаќање на обврските издадена до избраните понудувачи, во износ дефиниран во ИБДП.

## Член 7
## Одговорност при неисполнување на обврските при набавка на електрична енергија за подолг период

(1) Избраниот понудувач е должен да склучи ИД и да ги исполни целосно обврските за испорака на договорената моќност и количина на електрична енергија во електродистрибутивната мрежа согласно бараниот Дијаграм за испорака на електрична енергија и моќност за потребите на ОЕДС за одреден период, во кој ОЕДС може да го користи правото за користење на договорената флексибилност за испорака на електрична енергија и моќност, специфицирана во секој ИБДП и ИД.

(2) Доколку избраниот понудувач не ги исполни обврските од став (1) на овој член, тој е должен да ги покрие настанатите трошоци на ОЕДС предизвикани од несклучување на ИД или од нецелосната испорака на договорената моќност и количина на електрична енергија, утврдени од страна на ОЕДС.

(3) Доколку избраниот понудувач не ги исполни обврските од став (1) на овој член, ОЕДС ќе ја активира доставената банкарска гаранција или ќе ја изврши меницата, или ќе го задржи депозитот и може да го раскине склучениот РД, доколку Понудувачот кој што склучил РД не ги покрие целосно настанатите трошоци од став (2) на овој член.

(4) На избраните понудувачи кои нема да потпишат ИД ќе им се активира гаранцијата за понудата, или ќе им се задржи износот на депозитот на понудата.

## Член 8
## Правила за избор преку тендерска постапка на понудувач кој ќе врши набавка на електрична енергија за ден однапред (Day ahead)

(1) ОЕДС објавува посебен Јавен повик за набавка на електрична енергија од квалификуваните Понудувачи по принципот за набавка ден однапред (Day ahead) согласно овие Правила, при што ОЕДС ќе склучи посебен ИД само со Понудувачот кој понудил најнизок надомест за тргување (Trading Fee) на бараната количина на енергија на берзата во Унгарија (HUPX), согласно условите наведени во отворениот Јавен повик. Цената на часовно ниво ќе биде индексна, одредена од HUPX DAM цена во соодветниот час зголемена за надоместокот за тргување (Priceh =HUPEX DAMh + TradingFeeh).

(2) Во Јавниот повик ќе бидат дефинирани услови кои квалификуваните Понудувачи треба да ги исполнат за да учествуваат во процесот на доставување и евалуација на понуди, како и листа на документи кои од заинтересираните понудувачи ќе бидат дополнително побарани да ги достават.

(3) По евалуација на добиените понуди од Понудувачите по отворениот Јавен повик од став (1) на овој член, ОЕДС ќе склучи ИД за набавка ден однапред со еден избран Понудувач кој ќе понуди најнизок надомест за тргување (Trading Fee) за бараните количини на дневно ниво поврзани со Унгарската берза и кој целосно ги исполнува условите наведени во отворениот Јавен повик

(4) Избраниот понудувач кој ќе склучи ИД за набавка ден однапред за потребите на ОЕДС, ќе обезбеди електрична енергија во целосна согласност со дневниот распоред на испорака доставен од страна на ОЕДС за ден однапред.

(5) ОЕДС со цел оптимизирање на набавките на електрична енергија, преку избраниот понудувач со кој ќе склучи ИД за набавка ден однапред за потребите на ОЕДС, може да побара продажба на вишокот на електрична енергија кој може да се појави во согласност со дневниот распоред на испорака доставен од страна на ОЕДС за ден однапред, по цена и надоместок дефинирани во став (1) од овој член.

(6) Индивидуалниот Договор за набавка ден однапред ќе се однесува за период од најмногу една година, согласно условите наведени во Јавниот повик.Индивидуалниот Договор за набавка ден однапред ќе се однесува за период од најмногу една година, согласно условите наведени во Јавниот повик.

(7) Пред склучување на ИД за набавка ден однапред со ОЕДС понудувачот ќе достави банкарска гаранција или депозит во износ дефиниран во условите на Јавниот повик

(8) ОЕДС ќе ја активира доставената банкарска гаранција или ќе го задржи депозитот доколку избраниот квалификуван понудувач не ги исполни обврските од ИД или во согласност со бараниот дневен распоред на испорака доставен од страна на ОЕДС.

(9) По спроведувањето на отворениот Јавен повик и склучувањето на ИД од став (5) на овој член, ОЕДС е должен да достави извештај за склучениот договор до РКЕ.

(10) Фактурирањето на набавката на електрична енергија ден однапред, ќе се врши месечно, со издавање на фактура од страна на избраниот понудувач за вкупната количина која е набавена на дневно ниво за соодветниот месец.

(11) По потпишување на ИД со избраниот понудувач за набавка на електрична енергија ден однапред, согласно дефинираните услови во Јавниот повик, ОЕДС може да издаде банкарска или компаниска гаранција за навремено плаќање на обврските издадена до избраниот понудувач.

## Член 9
## Правила за избор преку тендерска постапка на понудувач кој ќе врши набавка на електрична енергија за тековниот ден (Intraday)

(1) ОЕДС објавува Јавен повик за набавка на електрична енергија од квалификуваните Понудувачи по принципот за набавка во тековниот ден (Intraday) согласно овие Правила, при што ОЕДС ќе склучи ИД со најмногу три Понудувачи кои понудиле најнизок надомест за услугата за тргување по испорачан/истргуван MWh електрична енергија (Service Trading Fee/MWh) на ликвидните и транспарентни Intraday пазари во ЕУ, согласно условите наведени во отворениот Јавен повик.

(2) Во Јавниот повик ќе бидат дефинирани услови кои квалификуваните Понудувачи треба да ги исполнат за да учествуваат во процесот на доставување и евалуација на понуди, како и листа на документи кои од заинтересираните понудувачи ќе бидат дополнително побарани да ги достават.

(3) Најповолните понудувачи кои ќе склучат ИД за набавка за тековниот ден со ОЕДС, ќе обезбедат електрична енергија за тековниот ден за потребите на ОЕДС во согласност со распоредот за часовен период за испорака.

(4) ОЕДС со цел оптимизирање на набавките на електрична енергија, преку избраниот понудувач со кој ќе склучи ИД за набавка за тековниот ден за потребите на ОЕДС, може да побара продажба на вишокот на електрична енергија кој може да се појави во согласност со распоредот за часовен период за испорака доставен од страна на ОЕДС во текот на денот, по цена и надоместок дефинирани во став (1) од овој член.

(5) Индивидуалниот Договор за набавка за тековниот ден ќе се однесува за период од најмногу една година, согласно условите наведени во Јавниот повик.

(6) ОДС е должен да достави извештај за склучените договори до РКЕ по спроведувањето на отворениот Јавен повик и склучувањето на ИД за набавка за тековниот ден со ОЕДС.

## Член 10

(1) Во услови на енергетска криза прогласена со одлука на Владата на Република Северна Македонија, ОЕДС може во РД, ИД, ИБДП или јавниот повик за набавка на електрична енергија да не ги вклучи барањата за доставување на финансиски гаранции на понудите, банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување, компаниска гаранција, паричен депозит или меница за потребите на ИД.

## Член 11

(1) По исклучок во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија прогласена од Владата на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија, високи цени по однос на цените на електричната енергија на пазарите на енергија, ограничен број понудувачи или количини на електрична енергија, договорните страни можат да договорат поинакви услови на плаќање и тоа во согласност со условите наведени во соодветното ИБДП.

## III. ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПОНУДУВАЧ ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ЗАГУБИТЕ ВО ДИСТРИБУТИВНАТА МРЕЖА

### Член 12
### Комисија за спроведување на процесот на набавка на електрична енергија

(1) ОЕДС ќе формира интерна комисија и ќе ја овласти за спроведување на целата постапка за набавка на електрична енергија.

### Член 13
### Цени

(1) Цените за набавка на електрична енергија се формираат врз основ на листа на мериторно подредување, согласно добиените понуди од страна на заинтересираните квалификувани понудувачи кои имаат склучено РД.

(2) Листата на мериторно подредување од став (1) на овој член се формира со растечки редослед, така што, прворангирана е понудата за електрична енергија со најниска цена.

(3) Цените за електрична енергија доставени од страна на заинтересираните квалификувани понудувачи ќе бидат изразени во EUR/MWh, без ДДВ, заокружени на две децимални места.

### Член 14
### Рангирање и избор на понудувач

(1) Цените за електрична енергија за покривање на загубите во електродистрибутивната мрежа за набавка на електрична енергија за подолг период на отворен пазар се сметаат за примарен критериум за рангирање и избор на Понудите. Времето на прием на Понудите ќе биде земен како секундарен критериум, единствено доколку две или повеќе понуди се со иста цена. Во таков случај предност ќе биде дадена на понудата со најрано регистрирано време на прием.

(2) Критериум за избор преку тендерска постапка на Понудувач кој ќе врши набавка на електрична енергија за ден однапред (Day ahead) ќе биде најнискиот надомест за тргување кој ќе биде понуден (Trading Fee) на бараната количина на енергија на берзата во Унгарија (HUPX), согласно условите наведени во отворениот Јавен повик. Цената на часовно ниво ќе биде индексна, одредена од HUPX DAM цена во соодветниот час зголемена за надоместокот за тргување (Priceh =HUPEX DAMh + TradingFeeh). Времето на прием на Понудите ќе биде земен како секундарен критериум, единствено доколку две или повеќе понуди се со ист понуден надомест за тргување. Во таков случај предност ќе биде дадена на понудата со најрано регистрирано време на прием.

(3) Критериум за избор преку тендерска постапка на Понудувачи кои ќе вршат набавка на електрична енергија за тековниот ден (Intraday) ќе биде најнискиот понуден надомест за услугата за тргување по испорачан/истргуван MWh електрична енергија (Service Trading Fee/MWh) на ликвидните и транспарентни Intraday пазари во ЕУ, согласно условите наведени во отворениот Јавен повик. Времето на прием на Понудите ќе биде земен како секундарен критериум, единствено доколку две или повеќе понуди се со ист понуден надомест за услугата. Во таков случај предност ќе биде дадена на понудата со најрано регистрирано време на прием.

(4) ОЕДС има право да изврши евалуација на понудите согласно насоките дефинирани во ИБДП

1. во еден круг преку: јавно отварање на доставените понуди; или

2. во два круга преку прибирање на понуди и организирање на аукција (јавно негативно наддавање); или

3. преку аукција со користење на соодветна електронска (софтверска) апликација / web платформа;

(5) Доколку во ИБДП е наведено дека процесот за набавка на електрична енергија ќе се одвива преку користење на електронска (софтверска) апликација / web платформа, ОЕДС претходно ќе го запознае квалификуваниот продавачот со начинот на користење на апликацијата / web платформа во постапката за набавка на електрична енергија и ќе ги покани квалификуваните понудувачи да доставуваат понуди преку истата.

**Член 15**
**Мониторинг**

(1) ОЕДС е должен да доставува редовни месечни извештаи до РКЕ кои содржат информации за набавените количини на електрична енергија за покривање на загубите во електродистрибутивната мрежа, постигнатите цени при спроведувањето на набавката, како и општи информации за примените и прифатените понуди.

(2) Со цел да обезбеди транспарентност и недискриминаторност на постапката за набавка на електрична енергија, РКЕ може да побара од ОДЕС да го достави регистерот на сите спроведени јавни повици и набавки на електрична енергија за покривање на загубите во електродистрибутивната мрежа.

## IV. ОСТАНАТИ ОДРЕДБИ

**Член 16**
**Исклучување на Понудувачи**

(1) Во случај на прекршување на одредбите и/или квалификуваните понудувачи не постапуваат согласно овие правила и барањата од отворениот Јавен повик, или ИБДП, или РД или ИД, ОЕДС има право веднаш да го исклучи квалификуваниот понудувач од процесот за набавка на електрична енергија. Во секој случај, квалификуваниот понудувач ќе биде обврзан да ги исполни своите обврски од веќе склучените ИД, кои се склучени пред прекрушување на одредбите.

**Член 17**
**Трошоци**

(1) Сите трошоци за изготвување на понудите, учеството во процесот и/или откажувањето на процесот за набавка на електрична енергија ќе бидат покриени исклучиво од страна на квалификуваните понудувачи.

**Член 18**
**Откажување на процесот за набавка на електрична енергија**

(1) ОЕДС има право да прифати целосно или делумно било која понуда доставена од квалификуваните понудувачи, како и право да отфрли понуда или да го откаже процесот за набавка на електрична енергија без да мора да даде причина за тоа. Во случај на откажување, ОЕДС не е одговорен кон квалификуваните понудувачи за било каква загуба, трошоци или штети (вклучително и без исклучок сите последични и/или индиректни штети, изгубена добивка, гудвил, деловни можности, антиципирани заштеди, трошоци за изработка на понуда, учество во процесот за доставување и евалуација на понуди).

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 19**
**Важност**

(1) Овие Правила влегуваат на сила со денот на нивно одобрување од страна на РКЕ.

(2) Овие Правила ќе бидат објавени на официјалната интернет страна на ОЕДС.

(3) РД склучени со квалификуваните понудувачи по основ на претходно објавен Јавен повик (01/17, 02/18) ќе продолжат да важат и понатаму како РД за набавка на електрична енергија за подолг период на отворен пазар преку тендерска постапка, се додека квалификуваните понудувачите и ОЕДС не ги откажат или доколку не ги прекршат обврските согласно член 16 од овие Правила.

(4) Правилата за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електродистрибутивната мрежа одобрени со Решение на Регулаторната комисија за за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија Бр .02-1927/1 од 03.10.2018 година, Бр. 12-326/3 од 15.02.2022 година и Бр.12-2491/1 27.11.2023 година престануваат да важат.